СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Првата конститутивна седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 ноември 1994 година

Скопје, ноември 1994 година

**ДИСКУТАНТИ НА ПРВАТА КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 19.XI.1994 г.**

1. АБДУРАХМАН АЛИТИ -12
2. АНДОВ СТОЈАН - 24
3. ЗИБЕРИ НАСЕР - 7
4. ИВАНОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 1, 4, 6, 15, 23 (претседавач-надстар пратеник)
5. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 20
6. МИНОВ ПАНЧО - 4
7. НЕВАРЕК СУЛЕЈМАН - 11
8. ШОПОВСКИ ДИМИТАР - 17
9. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 15
10. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 21

крај

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првата конститутивна седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 ноември 19 94 година

Седницата започна со работа во 10,10 часот.

Седницата ја отвори Александар Ивановски, пратеник на Собранието.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, почитувани гости,

Во согласност со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија, имам чест да ја отворам Првата конститутивна седница на Собранието на Република Македонија.

(Претседавачот станува, сите стануваат).

Хорот ја исполнува химната и ја напушта салата.

Дами и господа пратеници,

Почитувани гости,

Дозволете ми од мое и од Ваше име да ги поздравам претседателот на Република Македонија, господин Киро Глигоров, (аплауз), претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, (аплауз), претседателот на Уставниот суд на Република Македонија (аплауз), претседателот на Врховниот суд на Република Македонија (аплауз), претседателот на Републичкиот судски совет (аплауз), претседателот на Републичката (Државна) изборна комисија (аплауз), началникот на генералштабот на Армијата на Република Македонија (аплауз), претседателот на Македонската академија на науките и уметностите (аплауз), ректорите на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје и на Универзитетот "Свети Климент Охридски" во Битола (аплауз), поглаварот на Македонската православна

црква Архиепископот Охридски и Македонски Господин Господин Михаил (аплауз), претседателот на Старешинството на Исламската верска заедница (аплауз)и Бискупот на Скопско - Призренската бискупија (аплауз)

Дами и господа пратеници,

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Собранието на Република Македонија,

2. Верификација на мандатите на пратениците,

3. Избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија,

4. Избор на претседател на Собранието на Република Македонија.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

(92 пратеника).

Дали има некој против? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Поминуваме на првата точка од дневниот ред.

Избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Собранието на Република Македонија.

I/3.-

Верификационата комисија се состои од претседател и четири члена, а ја избира Собранието по предлог од претседавачот.

За претседател на Верификационата комисија го предлагам пратеникот Панче Минов, а за членови на Комисијата пратениците Ристо Насев, Мевљан Таири, Мирко Пецов и Фаик Абди.

Отворам претрес по предлогот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор,го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (97 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

За предлогот гласаа 97 пратеници.

Констатирам дека за претседател на Верификационата комисија е избран Панчо Минов, а за членови на Комисијата се избрани Ристо Насев, Мевљан Таири, Мирко Пецов и Фаик Абди.

Го молам претседателот на Верификационата комисија веднаш да свика седница на која Комисијата ќе го разгледа извештајот и другите изборни акти на Републичката изборна комисија и на Собранието ќе му поднесе свој извештај со предлог.

Седницата на Комисијата ќе се одржи во салата до свечената сала.

Ја прекинувам седницата за да може Верификационата комисија да го подготви својот извештај.

Седницата ќе продолжи на знак на ѕвоното.

(По паузата)

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа на Собранието.

Поминуваме на втората точка од дневниот ред.

Верификација на мандатите на пратеници.

Извештајот на Верификационата комисија, Ви е поделен.

Отворам претрес по Извештајот на Верификационата комисија.

Има збор претседателот на Верификационата комисија

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа.

Верификационата комисија на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 19 ноември 1994 година, го разгледа Извештајот на Републичката (Државна) Изборна Комисија за спроведените избори за пратеници на Собранието на Република Македонија во 1994 година, со дополненијата на Извештајот од 10 и 17 ноември 199 4 година и врз основа на член 8 од Привремениот Деловник на Собранието на РМ, го поднесува следниот Извештај.

Разгледувајќи го Извештајот на Републичката (Државна) Изборна Комисија со дополненијата од 10 и 19 ноември 1994 година, за спроведените избори на пратеници во Собранието на Република Македонија Верификационата комисија на Собранието на РМ утврди дека:

1. Изборите на пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани во октомври и ноември 199 4 година, се спроведени врз основа на Законот за избор на пратеници во согласност со решението на претседателот на Собранието на Република Македонија за распишуваше на избори за пратеници во Собранието на РМ.

II/2.-

2. Со спроведувањето на изборите на пратениците во Собранието на РМ раководеше Изборна комсија на изборните единици под непосредна грижа на Републичката (Државна) Изборна Комисија.

Врз основа на резултатите од првиот и вториот круг на гласањето, содржано во Извештајот на Републичката (Државна) Изборна Комисија со дополнението од 10 и 17 ноември 1994 година Верификационата комисија констатира дека за пратеници во Собранието на РМ се избрани: Митко Илиовски, Слободан Најдовски, Јаким Ивановски, Благој Стефановски, Кире Видимче, Наум Симјановски, Јорго Шундовски, Вељо Тантаров, Славко Котевски, Живко Јанкуловски, Петре Трајановски, Нано Ружин, Мирко Пецов, Борис Костачев, Горѓи Атанасов, Мирко Лазаревски, Руфи Османи, Ферид Мусовски, Ќеран Хасипи, Мерсим Билали, Сејфедин Харуни, Газменд Ајдерага, Мирко Иванов, Здравко Стојановски, Наќе Стојановски, Стојан Андов, Звонко Каров, Панчо Минов, Ване Наумовски, Николина Трајановска, Сали Рамадани, Илија Каров, Теодосие Паунов, Љубисав Иванов, Александар Јакимовски, Дане Милошевски, Ристо Марковски, Драгољуб Поповиќ, Драган Митевски, Слободан Богдановски, Персида Малинска, Александар Ивановски, Исни Шаќири, Благој Стојановски, Бранко Арсовски, Лазар Димов, Марјан Котлар, Јане Ангеловски, Димитрија Вревезовски, Благоја Силјановски, Рубинчо Белчевски, Симон Наумовски, Јордан Божиновски, Ристо Николовски, Димче Наскоски, Алил Џаферовски, Петар Талимџиоски, Душан Николовски, Славчо Чапов, Ванчо Чифлиганец, Александар Гештаковски, Митко Ристовски, Слободан Даневски, Стојче Ковачевски, Рами Туда, Димитар Трпеновски, Ристо Масев, Туше Гошев, Ристо Трајков, Борис Павлов, Драган Ѓорѓиев, Арбен Џафери, Томислав Стојановски, Мирко Трипуновски, Јован -Србиновски, Абдурахман Алити, Хисен Рамадани, Зеќир Кадриу, Џеладин Мурати, Аце Коцески, Милчо Трајков, Пеце Стојановски, Јован Николов, Панче Насев, Санде Давчев,

Санде Џамбазовски, Иван Бојков, Љупчо Мешков, Кирил Спасовски, Исмет Рамадани, Илија Гоцески, Зоран Крстески, Атанас Вангелов, Славе Наумовски, Љубомир Чадиковски, Владимир Станковски, Владе Давитковски, Никола Поповски, Насер Зибери, Зоре Темелковски, Димитрие Поповски, Никола Поповски, Игнатие Богдановски, Марјан Начески, Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ, Љубомир Поповски, Илинка Митрева, Тито Петковски, Киро Поповски, Мевљан Таири, Ратка Куљан Зографска, Јован Лазаров, Абдурауф Пруси, Фаик Абди, Сами Ибраими, заклучно со реден број 116.

Членот на Комисијата Мевљан Таири го издвои своето мислење во однос на изборот на пратеникот во изборната единица бр.101 на општина Карпош, Скопје, поради неправилности во гласањето забележани, пред, за време и по изборите, и предложи да не се верификува мандатот на пратеникот Никола Поповски.

Комисијата констатира дека приговорот е неоснован и истиот го одби.

Врз основа на изнесеното, согласно член 8 од Привремениот Деловник на Собранието на РМ, Верификационата комисија му предлага на Собранието на РМ, да ги верифицира мандатите на избраните пратеници во Собранието на РМ.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Пратеникот Насер Зибери.

II/4.-

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа,

Уште на почетокот да кажам дека не се согласувам со делот од Извештајот на Верификационата Комисија, што се однесува по однос на забелешката ставена од пратеникот Мевљан Таири што се однесува до верификацијата на мандатот на г-динот Никола Поповски, од изборната единица 101 Карпош Скопје. И покрај сите заложби за фер и коректни избори во текот на двата круга на гласање, а и пред тоа сите бевме сведоци на низа недоследности, пропусти и неправилности.

Прво, државните органи, како што е Министерството за правосудство и управа, Министерството за внатрешни работи, Заводот за статистика и сл., не ги извршија своите законски обврски до крај. Не беа ефикасни и прецизно ажурирани избирачките списоци, десетина и повеќе илјади граѓани останаа надвор од избирачките списоци, а голем број од нив и без право на глас. Поканите за учество на изборите ги добиваа пет до дванаесет, а некои и воопшто не ги добиваа. Цели избирачки места беа преместени од една во друга изборна единица, а неретки беа случаите кога од овие причини граѓаните останаа без право на глас, како што беше случајот со Месната заедница "Алија Авдовиќ" во изборната единица 90 Гази Баба итн. Незаконски беше воведена и обврската за граѓаните да се легитимираат со лична документација издадена после април 199 3 година, што не беше и законска обврска според законот за избор и отповикување на одборници и пратеници од 1990 година.

Второ, Државната Изборна Комисија беше неефикасна, несигурна и со дополнително вжештување во и онака вжештената атмосфера. Таа цело време неефикасно работеше. Комуникацијата со средствата за

јавно информирање и јавноста беше ретка и со големи задоцнувања. Од тие причини граѓаните, политичките партии не можеа навреме и објективно да се информираат со текот и резултатите од изборите. При соопштувањето на резултатите, претседателот и членовите на оваа Комисија беа несигурни, неубедливи, а често пати не располагаа со бројки и информации за текот на настаните во изборите. Сето тоа, кај граѓаните и политичките партии внесуваше несигурност и сомневање за веродостојноста на податоците. Затоа, и најмалку не е случајна сегашната структура на парламентот и бројката на изборите, бојкотот на изборите од страна на опозицијата.

Трето, неретко е забележана голема присутност на органите за безбедност. Еклатантен е примерот во изборната единица 90 каде при повторениот втор круг на гласањето, 30-тина припадници на органите за внатрешни работи цело време беа присутни на избирачките места 27 и 28, за што сведочеше и претставникот на ЌЕБС во изјавата дадена ден потоа за весникот "Нова Македонија". Ова беа само некои од пропустите и неправилностите , кои најкратко можев во овие неколку редови да ги изнесам. Но директниот повод за овој мој настап е инсистирањето денес пред ова Собрание и ставот на Верификационата комисија да се верифицира мандатот на пратеник, кој по нелегална процедура е избран во изборната единица 101, т.е. г-динот Никола Поповски.

Накратко нашите забелешки во што се состојат. Еден ден пред вториот круг пред гласање на споменатиот кандидат е затекнат како агитира во некои избирачки места во Долно Свиларе, Радуша итн.

II/6.-

На денот на изборите, т.е. на 30 октомври избирачкиот материјал од неколку избирачки места, како што беше случајот со трите избирачки места во Вучидод Бародвци итн. наместо да се однесе во Изборната комисија, тие се носат во Штабот на Социјал демократскиот сојуз во Општина Карпош.

Во неколку избирачки места, како што е избирачкото место 45 Бардовци, 104 и 106 Вучидол на претставниците на против кандидатот не им е овозможено да ги внесат во записникот своите забелешки по однос на гласањето. Во овие избирачки места неколку лица кои се знаат со име и презиме, како што беше примерот со Владо Димовски, Ивановска Георгина и тн. гласале за лица кои на денот на гласањето воопшто не биле присутни во Скопје. Во неколку избирачи места, како што беше 83, 84, 99, 104, при пребројувањето на материјалите биле пронајдени повеќе гласачки ливчиња од бројот на гласачите заведени во записниците.

Сите овие пропусти и неправилности Комисијата на изборната единица 101 ги има забележано и утврдено во својот записник направен потоа. И кога се очекувало истата да донесе решение со кое ќе бидат поништени изборите во овие избирачки места, претседателот на Комисијата ја прекинува работата, а утредента ја известува заменичката дека тој поднел оставка и од тој момент целата работа ја преземаа замениците и тоа: заменик претседател, заменик секретар, заменици членови и покрај тоа што останатите членови и секретарот на Комисијата ниту поднеле оставка,ниту биле разрешени. Од тогаш просториите на Комисијата на изборната единица 101 за членовите на Комисијата беа затворени. Два-три пати истите тие, членовите на Комисијата побараа помош од Државната Изборна Комисија. Единствен одговор на помошта

која беше побарана, беше дека Државната Изборна Комисија нема никакви ингеренции и дека целата работа се одвива во изборната комисија на изборната единица и во Врховниот суд.

Од тогаш, замениците на претседателот на Изборната комисија, секретарот и членовите , заменикот на секретарот и замениците на членовите ги преземаат сите натамошни активности, го одбиваат приговорот на противкандидатот Фазлиу и донесуваат решение со кое се прогласува победникот односно ги објавуваат резултатите а Државната Изборна Комисија истите ги прифаќа како веродостојни и покрај тоа што навреме била информирана за целиот случај, а записникот и решението биле потпишани од замениците , а не од членовите на Комисијата, кои повторувам, ниту дале оставка, ниту биле разрешени. Впрочем, тука е и решението со кое се одбива приговорот на кандидатот и со кое се прогласува победникот, во кое јасно се гледа дека се потпишани: заменикот претседател Оровчанец Катерина, заменик секретар Трајче Велков, заменици членови Снежана Марковска - Дојчинова, Елица Медаровска итн. На овие неправилности, за жал не беа спремни да реагираат ни преостанатите институции, а во прв ред Врховниот суд кој беше надлежен за тоа.

Овој еклатантен пример на фалсификување на резултатите од изборите, крајно неодговорниот однос на органите за спроведување на изборната постапка фрлаат црна сенка, не само на изборите во изборната единица 101, туку и ја доведува во прашање регуларноста на резултатите во целина од изборите во 1994 година. За што, легализирањето на ваквиот начин на суспендирање на изборните комисии доведуваат до опасност пред изборите да имаме паралелни резултати за целата Република.

II/8.-

Од овие причини го молам Собранието да не го верификува мандатот на кандидатот Никола Поповски. Во спротивно ќе се легализира еден опасен преседан со реални шанси целата постапка на изборите и натамошното работеше на Собранието да се доведе во прашање Благодарам.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Повелете.

Претставете се ако сакате.

**СУЛЕЈМАН НЕВАРЕК:**

Јас сум г-дин Сулејман Неварек од Скопје, општина Центар роден 1964 година во општина Центар во Скопје. Сум работел во Здравствен дом, итна медицинска помош од 199 3 година како работник, како чувар, како човек на оваа

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Дали сте вие пратеник, Ве молам?

**СУЛЕЈМАН НЕВАРЕК:**

Ве молам, јас сум кандидиран како независен пратеник и за тоа ме

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Ве прашувам, дали сте пратеник избран?

Ако не сте избрани, ќе ве молам напуштете ја говорницата

**СУЛЕЈМАН НЕВАРЕК:**

Ве молам г-дине само 10 минути

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Не може да говорите, Ви велам, по Деловникот Вие не сте пратеник и напуштете ја говорницата.

**СУЛЕЈМАН НЕВАРЕК:**

Извинете, мене милиција ме води во Бардовци за тоа да не дојдам да конкурирам и конкурирав....

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Ве молам напуштете ја говорницата.

**СУЛЕЈМАН НЕВАРЕК:**

Извинете , јас сум со Педагошка Академија...

(Сулејман Неварек ја напушти салата во придружба на одговорните луѓе од Службата за обезбедуваше).

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Молам, од обезбедувањето да се обезбеди нормално работење.

Дали има некој друг за збор да се јави?

Има збор Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитувани пратеници, свесен сум дека оваа интервенција е беспредметна.

Меѓутоа, чувствувам потреба да укажам само на еден сегмент од ова што пратеникот Зибери го рече.

Господа, тука не е во прашање дали пратеник ќе биде Никола Поповски, Агим Фазлиу или некој трет. Во прашање е нешто друго. Дали ние како Собрание , како највисок законодавен дом ќе дозволиме одлуките на ова Собрание некој самоиницијативно , некој без никакво право да ги менува, како што е случајот со изборната комисија на изборната единица 101.

II/9.-

Господа, има решение на Собранието на РМ потпишано од претседателот на Собранието на РМ, со кое е речено претседател е тој и тој, секретар е тој и тој, членови тие и тие. Некој појак од Собранието, појак од претседателот на Собранието, арбитрарно вика од денеска ти не си секретар на Комисијата, ти не си член, и тој вториот не е член од единствена причина, затоа што тој е Албанец, а заменикот е Македонец. И, како Албанец тој е непогоден да ги утврдува резултатите . Не, тоа е тоа. Како Албанец е неподобен да ги утврдува резултатите од изборите. Заменик секретарот кој што не е Албанец , тој може да учествува во работата на Комисија - ТФ и членовите на Комисијата. Јас ^навистина^ се извинувам сигурно дека и во редовна постапка Никола Поповски ќе беше, веројатно,избран за пратеник и оваа интервенција не треба воопшто да се сфати како мој однос кон Никола Поповски, туку како мој однос кон едно неправо, кое што има реални шанси да метастазира и да стане начин на однесување кај нас. Затоа што, замислете вие ако ние легализираме еден ваков начин на работа, идните избори ќе се случат чуда. Во таа смисла што, ако чини претседателот ќе го задржиме, ако не чини ќе напра- виме да биде заменикот. Ако чини членот добро, ако не чини заменикот. Институтот заменик се знае што значи. Тој заменува само во случај на спреченост некој да ја обавува функцијата нормално. Во овој случај здрав и прав секретар, здрав и прав член 1 и член 2 на Комисијата, едноставно сосила со една чудна моќ невидлива се менува и резултатите од изборите ги утврдуваат , за мене е сосема јасно дека тоа се некомпетентни луѓе. Иако на оние работи ние немаме смелост да им ставиме крај, сигурен сум дека лошо ни се пишува. Ќе легализираме

еден навистина чуден и недостоен начин на работа на изборните органи.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

III/1.-ДВ/ОМ

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ**

Има збор пратеникот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани дами и господа пратеници. Веројатно после сето ова сите ние размислуваме, доаѓа моментот кога треба да гласаме и веројатно се прашуваме како ќе гласаме.о

После сето ова што се изнесе од страна на г-динот Зибери и г-динот Алити, навистина би требало сите добро да размислиме затоа што беа изнесени аргументи и тоа добри аргументи, потврдени. Кога би имале други аргументи или контра аргументи, јас повикувам на нешто друго, а тоа е член или претседател на таа Републичка или Државна комисија да ги изнесат пред нас контра аргументите, затоа што за да расудуваме ние како ќе гласаме ние би требало тука да слушнеме тука и контра аргументи. Веројатно тие контра аргументи ги нема, навистина ги нема. Затоа ние за да гласаме како што треба и добиеме еден легитимитет на едно собрание, што би се рекло сериозно собрание, тогаш јас молам член од комисијата да изнесе , ако има, нешто што е против аргумент од сето тоа што е кажано тука на оваа говорница од претставниците на Партијата за демократски просперитет.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија.

Кој е за Извештајот и предлогот, молам да крене рака? (95)

Дали има некој против? (15)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека за Извештајот и предлогот на Верификационата комисија гласаа 95 пратеници.

Против гласаа 15 пратеници.

Воздржани има 1 пратеник.

Констатирам дека Извештајот и предлогот на Верификационата комисија се усвоени и со тоа е извршена верификацијата на мандатите на пратениците во Собранието.

Пред да минеме на третата точка од дневниот ред упатувам една забелешка на Службите кои вршат обезбедување на работата на Собранието соодветно да си ја извршуваат својата работа. Го видовме случајот, човекот влезен во салата на свечениот чин, а не е ни пратеник.

Минуваме на **Третата точка** од дневниот ред - Избор на претседател и членови на комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Согласно член 12 од привремениот Деловник на Собранието на Република Македонија, Собранието на првата седница по предлог од најмалку 10 пратеници избира комисија за прашања на изборите и именувањата, која ја сочинуваат претседател и 12 членови.

Имам предлог од група од 13 пратеници односно 12 со своерачен потпис од сите политички партии, поднесен предлог за избор на претседател и членови на комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Предлогот за составот на комисијата за прашања на изборите и именувањата од името на пратениците, подносителите на предлогот, ќе го образложи пратеникот Димитар Поповски.

Има збор пратеникот Димитар Поповски.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, драги гости.

Дозволете ми врз основа на член 12цод привремениот Деловник на Собранието на Република Македонија од името на пратениците Нано Ружин, Љубомир, Чадиковски, Зоре Темелковски, Зоран Шапуриќ, Димитрија Поповски, Сами Ибраими, Сејфедин Харуни, Бранко Арсовски, Зекир Кадриу, Фаик Абди, Томислав Стојановски, Ќенан Хасипи, Ристо Трајков, во Комисијата за прашања на избори и именувањата да ги предложам:

За претседател, Наќе Стојановски.

За членови: Илија Гоцевски, Живко Јанкуловски, Благоја Стојановски, Драган Ѓорѓиев, Јане Ангеловски, Аце Коцевски, Слободан Наумовски, Исмет Рамадани, Мевљан Таири, Зекир Кадриу, Љубисав Иванов и Зоран Крстевски.

Овој предлог е изготвен врз основа на претходен договор со претставниците на политичките партии при што е запазена соодветната застапеност на пратениците од политичките партии во Собранието на Република Македонија.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Отворам претрес по предлогот за избор на претседател и членови на комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Молам,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот?

Кој е за предлогот Наќе Стојановски да биде избран за претседател, а пратениците Илија Гоцевски, Живко Јанкуловски, Благоја Стојаноски, Драган Горѓиев, Јане Ангеловски, Зоран Крстевски Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Исмет Рамадани, Мевљан Таири, Зекир Кадриу и Љубисав Иванов за членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, молам да крене рака. (101)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (5)

Констатирам дека за предлогот на Комисијата гласале 101 пратеник.

Против (нема)

Воздржани се 5 пратеници.

Констатирам дека пратеникот Наќе Стојановски е избран за претседател на Комисијата за избор и именување, а пратениците: Илија Коцевски, Живко Јанкуловски, Благој Стојковски, Драган Ѓорѓиев, Јане Ангеловски, Зоран Крстевски, Аце Коцевски, Слободан Најденовски, Исмет Рамадани, Мевљан Таири, Зекир Кадриу и Љубисав Иванов за членови на комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Според Деловникот на Собранието на Република Македонија кандидат V за претседател на Собранието предлага Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Кандидат за претседател на Собранието може да предложат и најмалку 20 пратеници.

III/5.-

Ист пратеник може да биде предлагач само на еден кандидат за претседател на Собранието.

Го молам, претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да свика седница на која Комисијата треба да утврди кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија.

Седницата на Комисијата ќе се одржи во салата до свечената сала.

Ја прекинувам седницата за да може Комисијата за прашања на изборите и именувањата да одржи седница и да му предложи на Собранието кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија.

(Пауза во 12,20 часот).

Седницата ќе продолжи на знак на ѕвончето.

(Седницата продолжи во 13,40 часот).

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Преминуваме на **Четвртата точка** од дневниот ред: - Избор на претседател на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата на кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија ви е поделен.

Дали претседателот на Комисијата сака да го образложи предлогот?

Има збор пратеникот Аце Коцевски, како член на Комисијата.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, се извинувам што се јавувам за процедурална работа, изгледа се работи за некое недоразбирање. Претседателот на Комисијата не е присутен бидејќи го отчукува своето образложение, така што не требаше да почне седницата сега. Само тоа сакав да кажам, уште малку да причекаме.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Добро, поради тоа што ова е нова околност во врска со изготвувањето, јас сметав дека овој предлог е ставот на Комисијата, јас ве молам да причекаме да дојде и претседателот на Комисијата со образложението на предлогот на Комисијата.

(По пристигнувањето на претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Наќе Стојановски).

Го молам претседателот на Комисијата да го образложи предлогот.

Има збор пратеникот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседавач, дами и господа пратеници, почитувани гости,

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, на својата прва седница, одржана на 19 ноември 1994 година, согласно член 67 од Уставот на Република Македонија и член 22 од Привремениот деловник на Собранието на Република Македонија, едногласно одлучи на Собранието на Република Македонија да му предложи за претседател на Собранието на Република Македонија, во наредниот мандат, да го избере господинот Стојан Андов.

(Присутните во салата аплаудираат).

Господинот Стојан Андов е роден во Кавадарци 1935 година. Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје, а магистрирал на Универзитетот во Белград.

Бил потпретседател на Извршниот совет на Републиката, член на македонската делегација во Комората на републиките и покраините на Сојузното собрание и член на Сојузната влада во два мандати, каде се истакнува со неговата улога на преговарач во контактите со експертите на Европската економска заедница. Бил амбасадор во Ирак, основач е и лидер на Либералната партија на Македонија и досегашен претседател на Собранието на Република Македонија.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата во предлагањето и утврдувањето се водеше од следните причини:

IV/3.-

Господинот Стојан Андов како претседател на Собранието на Република Македонија во неговото прво свикување ја вршеше својата функција во исклучително сложени услови за Република Македонија и притоа покажа висок степен на познавање на проблематиката од функционирањето на парламентарната демократија, умешност и способност во организирањето и водењето на седниците и чувство за акцептирање и усогласување на интересите на различните политички групации во Парламентот, дури и на оние најспротивставените меѓу себе. Со таквиот свој пристап во работата,недвојбено, се наметна во Парламентот и во јавноста како личност на која може да и се верува и која влеваше сигурност кај пратениците и пошироко кај граѓаните на Република Македонија, кои ја следеа работата на Парламентот.

Исто така, како претседател на Комисијата за уставни прашања, при нејзината работа за изготвување на Предлогот на уставот од 1991 година, господинот Стојан Андов одигра клучна улога во усогласувањето на ставовите на парламентарните групи, членови на Комисијата, во крајното дефинирање на одредбите во Предлогот на уставот.

Во остварувањето на својата функција претседател на Собранието на Република Македонија, согласно Уставот на Република Македонија и законите, господинот Стојан Андов успешно го претставуваше Собранието како во Републиката така и во меѓународни рамки, со што недвосмислено го презентираше Собранието и Републиката како земја која сигурно и со брзи чекори ги освојува демократските простори, како еден од предусловите за нејзино успешно интегрирање во европските и светските политички и економско - финансиски институции.

Од овие причини, а исто така и од вербата дека господинот Стојан Андов функцијата претседател на Собранието на Република Македонија

ќе ја врши со уште поголемо залагање и енергија во рамките на своите уставни, законски и деловнички овластувања, притоа непреферирајќи ниедна политичка групација застапена во Парламентот, Комисијата едногласно го утврди предлогот што е пред вас

Напоменувам дека Комисијата во текот на својата работа за овој предлог доби и писмена поддршка од 39 пратеници од повеќе парламентарни групи.

Ве молам, од име на Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлогот да го разгледате со должно внимание и да го усвоите.

(Во салата одекна аплауз).

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Отворам претрес по Предлогот за избор на претседател на Собранието на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Согласно член 67, став 1 од Уставот на Република Македонија и член 27 од Привремениот деловник, Собранието од редот на пратениците избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието.

Преминуваме на гласање.

Кој е за предлогот пратеникот Стојан Андов да биде избран за претседател на Собранието на Република Македонија, молам да крене рака.

(Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

За предлогот гласаа 107 пратеници, против нема, воздржани нема.

Констатирам дека пратеникот Стојан Андов е избран за претседател на Собранието на Република Македонија.

(Бурен аплауз во салата).

Дами и господа пратеници, дозволете ми од мое и од ваше име да му го честитам изборот за претседател на Собранието на Република Македонија на господинот Стојан Андов.

Го молам претседателот на Собранието, господинот Стојан Андов, да дојде на претседателската маса да даде свечена изјава и да си го заземе своето место.

Ќе ве молам станете.

(Претседателот Стојан Андов се упатува кон претседавачката маса).

**СТОЈАН АНДОВ:**

"Изјавувам дека функцијата претседател на Собранието на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија".

(Во салата одекна аплауз, а претседателот на Собранието Стојан Андов ја потпишува свечената изјава).

(Претседавачот Александар Ивановски го напушта претседавачкото место, а со седницата продолжи да раководи претседателот Стојан Андов).

Дами и господа, почитувани пратеници, драги гости, сакам се разбира,пред се^да ви заблагодарам на изборот на оваа така важна

функција во така важен момент на развојот на парламентарната демократија на нашата земја и воопшто во така важен момент на развојот на нашата земја.

До колку во изминатите четири години Парламентот имаше основна задача да ја зацврсти независноста на земјата, овој Парламент има основна задача да ги изгради ткивото и целата форма на парламентарната демократија како трајно определување на ова општество и на оваа држава и со тоа да се уреди државата по оној облик чии основни црти и линии веќе ги дадовме во Уставот.

Се надевам дека овој Парламент, кој ужива огромна доверба на гласачите, ќе ја изврши со успех таа задача.

Уште еднаш сакам да истакнам дека ќе ги сторам сите напори, кои се во рамките на моите овластувања и во рамките на моите можности, да успееме и успешно да ја завршиме таа работа.

Сакам овде да му заблагодарам на господинот Ивановски за успешно водената седница овде, конститутивната седница на нашиот Парламент.

Истовремено, дозволете ми во ваше име и во мое лично име да им заблагодарам на пратениците од досегашниот состав на Собранието, кои исто така се сретнаа со огромен број неизвесности, со многу противречни определувања и интереси, но покрај сите тешкотии и крајно чувствителната фаза на развојот на земјата, својата основна задача ја извршија и за тоа им благодарам.

(Во салата одекна аплауз).

Дами и господа пратеници, исто така сакам во името на Собранието и во мое име да се заблагодарам за бројните телеграми со кои на пратениците во Собранието на Република Македонија им се посакува успешна работа од граѓаните и од разни колективи и групи во земјата.

IV/7.-

Пред да ја заклучам седницата, Ве известувам дека ја закажувам Втората седница на Собранието на Република Македонија за денес во 18 часот, на која согласно член 81, став 9 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија ќе даде свечена изјава.

Ги поканувам и присутните гости да присуствуваат на оваа седница.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам првата конститутивна седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 14,00 часот).